РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1856/11
21-11-2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 95 - та седница прво продолжение одржана на ден 17.11.2023 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр.09-1856/1 од 29.03.2023 година, оформен по доставена пријава дека службеното лице --------------, вработена во Министерството за ---------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се потврдуваат, констатирана е повреда на одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и по издаден прекршочен платен налог, извршена е уплата на изречената глоба.

За сторената повреда ќе се извести Министерството за -------, како орган во кој службеното лице врши јавни овластувања.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 04.05.2022 година од страна на Државниот ------- инспекторат до ДКСК доставен е записник ИП1 бр.08-429 од 20.04.20--- година за извршен вонреден инспекциски надзор во Министерство за ---------, во врска со постапка за унапредување на 4 административни службеници, а во прилог е доставена пријава поднесена од познат подносител, по која е постапувано.

По пријавата во ДКСК оформен е предмет бр.12-4508/1 од 04.05.2022 година, а по одржан колегиум на 28.03.2023 година, од причини што наводите во пријавата се однесуваат за настаната состојба на судир на интереси при спроведена постапка за унапредување, донесен е заклучок за прераспределба на предмет и со службена белешка оформен е предмет бр.09-1856 од 29.03.2023 година во Одделението за спречување судир на интереси и лобирање.

Заради проверка на наводите изнесени во пријавата и утврдување на фактичката состојба, обезбедена е потребна документација врз основа на која се констатира дека Министерството за --------- има објавено Интерен оглас бр.1/2021 за унапредување на 4 административни службеници заведен под бр.04-3427/3 од 01.04.2021 година и тоа: Ниво Б2, Раководител на сектор за ---------- (1 извршител), Ниво Б2, Раководител на сектор за ----------- (1 извршител), Ниво Б2, Раководител на сектор за ---------- (1 извршител), Ниво В 1, Советник за ------------------- (1 извршител).

Со Решение бр.04-3623/1 од 06.04.2021 година Министерот за -------- формирал Комисија за селекција за унапредување на административен службеник, а еден од членовите на Комисијата е ---------------.

По објавениот интерен оглас за работното место УПР 01 01 Б02 000, Раководител на сектор за ------------- – 1 извршител, се јавила ----------- и по спроведената постапка Министерот за ---------- донел Одлука бр.04-3832/1 од 09.04.2021 година за избор на --------- на работно место раководител на сектор за --------------

Од Изјава број УЗП 1929/2023 од 05.07.2023 година, доставена до ДКСК на 11.07.2023 година од службеното лице -----------, се потврди дека кандидатот -------- е нејзина сестра и е опфатено под поимот ,,блиско лице,,. Ова е согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси

„Под поимот „блиски лица" се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес."

Од обезбедената документација се констатира дека -------- како член на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник, на ден 08.04.2021 година учествувала во постапка за административна селекција, за што составен е Записник бр.04-3427/4 во кој под точка 2. За работното место УПР 01 01 Б02 000, Раководител на сектор за ----------- – 1 извршител, се јавила ---------- и по разгледување на документацијата, Комисијата се потпишала уредно, меѓу кои и ------.

Имајќи предвид дека посочениот кандидат е сестра на член на Комисијата, се констатира дека службеното лице ------------ била должна да се изземе.

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

член 72 став (2) од ,,*Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.*,,

член 75 став (1) ,,*Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување*,,.

Именуваната не се изземала и не запрела со своето постапување, па учествувала и се потпишала на изготвена Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангиранот кандидат за унапредување за работното место бр.2. По ова министерот за ------------ има донесено одлука со која се унапредува ----------- во Раководител на сектор за--------------------------.

Со тоа што не побарала да биде изземена, ДКСК констатира дека е сторена повреда на член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 107 став 1 алинеја 2 од истиот закон, за што беше издаден прекршочен платен налог, по кој беше постапено.

Со преземање на горенаведените дејствија и мерки од страна на ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување, поради што на 95- та седница одлучи да се запре постапката.

За утврдената повреда на законските одредби ДКСК согласно член 24 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ќе го извести Министерството за ---------------, како орган во кој службеното лице врши јавни овластувања.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклуок од седница на ДКСК
Изработил:Д.Д-советник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: м-р Г.Т., член на ДКСК